ТЕМА 2- УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЗДРАВЈЕТО

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Изготвил: Одделенски наставник – Душица Јакимовска<br>Сандра Колева | | | ООУ„Кирил и Методиј“ с.Романовце- Куманово<br>ООУ „ Тоде Хаџи Тефов“ Кавадарци | | |
| Адаптирал: Одделенски наставник: | | | | | |
| Предмет: ПРИРОДНИ НАУКИ **- III одд.** | | | | | |
| Наставна тема 2– УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЗДРАВЈЕТО | | | час бр.1 | | |
| **содржини и поими** | **стандарди за оценување** | **час и датум** | **сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
| Грижа за сопственото здравје и здравјето на другите<br><br>(здравје, микроорганизми, вируси, бактерии, симптом, болест, заразна болест, вакцинација, лекарски преглед, лекови, аптека, епидемија, пандемија) | Го објаснува поимот здравје преку примери. | 1 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>Учениците преку техниката „бура на идеи“ кажуваат различни асоцијации за поимот здравје ( на пр. здравје = здрава храна, спортување, сон, чист воздух, пливање, пешачење и сл.) и дискутираат што треба да прави човекот за да биде здрав. Од кои работи зависи нашето добро здравје?.<br>**Главен дел – искуствено учење**<br>Приоритети/скала на важни навики, влијанија во животот на човекот. На картончиња се запишуваат изрази:<br>• Пиење чиста вода,<br>• Здрава храна<br>• Дишење чист воздух<br>• Лична хигиена<br>• Добар сон, одмор<br>• Физичка активност<br>• Редовни здравствени прегледи<br>• Родителска љубов и грижа<br>• Живеење во топол дом<br>Учениците, во мали групи/парови, изработуваат постер „Како да бидеш здрав“ и ги редат по важност /прават скала (на пример: здрава храна, физичка активност, одмор, лична хигиена и др.) и ги презентираат своите изработки, при што дискутираат за активности кои | Апликации, хамери, маркери<br><br>Картончиња подготвени од наставникот | усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците,<br><br>придонесот во групните активности,<br><br>придонесот во изведување на заклучоците |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | придонесуваат човекот да биде здрав и објаснуваат зошто прво е .... второ е ......и така натаму.<br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>Се дискутира и образложува дали може да се промени распоредот на картончињата.<br>**Рефлексија**<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Изготвил: Одделенски наставник – Душица Јакимовска Сандра Колева | | | ООУ„Кирил и Методиј“ с.Романовце- Куманово ООУ „ Тоде Хаџи Тефов“ Кавадарци | | |
| Адаптирал: Одделенски наставник: | | | | | |
| Предмет: ПРИРОДНИ НАУКИ **- III одд.** | | | | | |
| Наставна тема 2– УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЗДРАВЈЕТО | | | час бр.2 | | |
| **содржини и поими** | **стандарди за оценување** | **час и датум** | **сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
| Грижа за сопственото здравје и здравјето на другите<br><br>(здравје, микроорганизми, вируси, бактерии, симптом, болест, заразна болест, вакцинација, лекарски преглед, | Го поврзува здравјето со растот и развојот. | 2 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>Учениците следат видео, по даден линк, и следат напатствија за вежби за унапредување на здравјето.<br>[https://www.youtube.com/watch?v=ZXNn4tQXEPY](https://www.youtube.com/watch?v=ZXNn4tQXEPY)<br><br>**Главен дел – искуствено учење**<br>Учениците во парови дискутираат за поимите здравје и грижа за здравјето како предуслов за правилен раст и развој на телото. Правилен развој на моториката на раце и нозе, развој на брзина, спретност као и развој на интелектот уште во најрана возраст. На пример ако правилно се исхрануваат- поретко ќе се разболуваат, ако спортуваат- телото правилно ќе им се развива, играње со | Лаптоп, смарт табла или ТВ<br><br>Наставен лист | усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците,<br><br>Писмени одговори на прашања |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| лекови, аптека, епидемија, пандемија) | | | коцки, слагалки, топка и др.ќе влијае на развојот на помнење, спретност, концентрација со учење беснички, развивање ритам со игри и кореографија и др.<br><br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>Омилена игра: Учениците објаснуваат игра од раното детство, игровна песничка и сл.и објанснуваат на другарчињата како истата се игра.<br>**Рефлексија**<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | придонесот во изведување на заклучоците |

| | |
|---|---|
| Изготвил: Одделенски наставник – Душица Јакимовска<br>Сандра Колева | ООУ„Кирил и Методиј“ с.Романовце- Куманово<br>ООУ „ Тоде Хаџи Тефов“ Кавадарци |
| Адаптирал: Одделенски наставник: | |
| Предмет: ПРИРОДНИ НАУКИ **- III одд.** | |
| Наставна тема 2– УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЗДРАВЈЕТО | час бр.3 |

| **содржини и поими** | **стандарди за оценување** | **час и датум** | **сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
|---|---|---|---|---|---|
| Грижа за сопственото здравје и здравјето на другите<br><br>(здравје, | Ги поврзува најчестите болести кај децата (пр. настинка, грип, ангина, | 3 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>Учениците одговараат на прашања: Дали некогаш биле болни? Како знаат дека се болни? Кои симптоми ги чувствуваат? (Течење нос, кивање, кашлање, солзење на очите, покачена температура, осип и сл.)<br>**Главен дел – искуствено учење**<br>Учениците следат визуелна презентација и | Учебник<br>Табла<br>Смарт табла или тв , лаптоп за презентација | усните одговори на прашања поставени од наставникот |

resursi.literatura.mk

<table>
<tr>
<td>микроорганизми, вируси, бактерии, симптом, болест, заразна болест, вакцинација, лекарски преглед, лекови, аптека, епидемија, пандемија)</td>
<td>сипаници сл.) со нивните симптоми (висока телесна температура, кашлање, течење нос, осип др.)</td>
<td></td>
<td>дискутираат за некои микроорганизми (вируси, бактерии) кои предизвикуваат болести кај човекот (пр. настинка, грип, ангина, сипаници сл) со нивните симптоми (висока телесна температура, кашлање, течење нос,осип др.).<br>Се прави табела и во неа учениците внесуваат симптоми на најчестите болести кај децата
<table>
<tr><td>настинка</td><td>грип</td><td>ангина</td><td>сипаници</td></tr>
<tr><td></td><td></td><td></td><td></td></tr>
</table>
Завршни активности – изведување заклучок<br>
Рефлексија
<ul>
<li>Што правевме денес?</li>
<li>Што научивте?</li>
<li>Како можете наученото да го користите во секојдневен живот?</li>
</ul>
</td>
<td></td>
<td>или од соучениците,<br><br>придонесот во групните активности, дополнување на табела<br><br>придонесот во изведување на заклучоците</td>
</tr>
</table>

<table>
<tr><td colspan="3">Изготвил: Одделенски наставник – Душица Јакимовска<br>Сандра Колева</td><td colspan="3">ООУ„Кирил и Методиј“ с.Романовце- Куманово<br>ООУ „ Тоде Хаџи Тефов“ Кавадарци</td></tr>
<tr><td colspan="3">Адаптирал: Одделенски наставник:</td><td colspan="3"></td></tr>
<tr><td colspan="6">Предмет: ПРИРОДНИ НАУКИ - III одд.</td></tr>
<tr><td colspan="6">Наставна тема 2– УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЗДРАВЈЕТО час бр.4</td></tr>
<tr><th>содржини и поими</th><th>стандарди за оценување</th><th>час и датум</th><th>сценарио за час</th><th>средства</th><th>следење на напредокот</th></tr>
<tr><td>Грижа за сопственото здравје и здравјето на другите</td><td>Ги поврзува најчестите болести кај децата со нивните</td><td>4</td><td>Воведни активности – активирање на предзнаења<br>Учениците разгледуваат слики/фотографии на вируси и бактерии. Се пронаоѓаат сличности и разлики.</td><td>Слики/ фотографии Учебник</td><td>усните одговори на прашања</td></tr>
</table>

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| (здравје, микроорганизми, вируси, бактерии, симптом, болест, заразна болест, вакцинација, лекарски преглед, лекови, аптека, епидемија, пандемија) | предизвикувачи (вируси, бактерии). | | <br>**ВИРУСИ** **БАКТЕРИИ**<br>**Главен дел – искуствено учење**<br>Како можеме да се заразиме? Вирусите и бактериите се многу мали и со голо око не можат да се видат. Учениците, поделени во групи, идентификуваат пренесувачи на вируси и бактерии од околината (пр. нечисти чевли, нечиста вода за пиење, расипана храна, итн.). Потоа споделуваат со другите, објаснувајќи зошто и како микроорганизимите се пренесуваат преку нив, кои би бил последиците по луѓето и наведувајќи како да се спречи пренесувањето.<br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>Активност од прилог 4 во учебникот<br>**Рефлексија**<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | поставени од наставникот или од соучениците,<br><br>придонесот во групните активности,<br><br>придонесот во изведување на заклучоците |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Изготвил: Одделенски наставник – Душица Јакимовска<br>Сандра Колева | | | ООУ„Кирил и Методиј“ с.Романовце- Куманово<br>ООУ „ Тоде Хаџи Тефов“ Кавадарци | | |
| Адаптирал: Одделенски наставник: | | | | | |
| Предмет: ПРИРОДНИ НАУКИ **- III одд.** | | | | | |
| Наставна тема 2– УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЗДРАВЈЕТО | | | час бр.5 | | |
| **содржини и поими** | **стандарди за оценување** | **час и датум** | **сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Грижа за сопственото здравје и здравјето на другите<br><br>(здравје, микроорганизми, вируси, бактерии, симптом, болест, заразна болест, вакцинација, лекарски преглед, лекови, аптека, епидемија, пандемија) | Опишува како се пренесуваат заразна болест од болен на здрав човек | 5 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>Учениците одговараат на прашања: Како можеме да се заразиме од некоја преносливa болест? Дали носат шамивче и марамче? Кога киваат или кашлаат како треба да се постапува?<br>**Главен дел – искуствено учење**<br>Учениците учествуваат во експеримент кој наставникот го организира:<br>Во мали групи изведуваат експеримент при кој во чинија со вода наросуваат мелен црн пипер, кој треба да претставува вируси или бактерии. Потоа капнуваат течен сапун во водата. Учениците ја дискутираат промената што се случува и донесуваат заклучок за влијанието на сапунот врз отстранувањето на микроорганизмите.<br>• Што ќе се случи ако во домот влеземе со нечисти чевли?<br>• Што треба да направиме за да се заштитиме?<br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>Активност во учебникот – табела<br>**Рефлексија**<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | Чинија со вода , бибер, течен сапун,<br><br>учебник | усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците,<br><br>придонесот во групните активности,<br><br>придонесот во изведување на заклучоците |

| | |
|---|---|
| Изготвил: Одделенски наставник – Душица Јакимовска<br>Сандра Колева | ООУ„Кирил и Методиј“ с.Романовце- Куманово<br>ООУ „ Тоде Хаџи Тефов“ Кавадарци |
| Адаптирал: Одделенски наставник: | |
| Предмет: ПРИРОДНИ НАУКИ **- III одд.** | |
| Наставна тема 2– УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЗДРАВЈЕТО | час бр.6 |

| **содржини и поими** | **стандарди за оценување** | **час и датум** | **сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
|---|---|---|---|---|---|

<table>
<tr>
<td>Грижа за сопственото здравје и здравјето на другите<br><br>(здравје, микроорганизми, вируси, бактерии, симптом, болест, заразна болест, вакцинација, лекарски преглед, лекови, аптека, епидемија, пандемија)</td>
<td>Објаснува како да се заштити себе си и како да ги заштити другите од Заразни болести (миење раце, дистанцирање, носење маска, кивање и кашлање со покриена уста, вакцинација).</td>
<td>6</td>
<td>Воведни активности – активирање на предзнаења<br>Учениците решаваат асоцијација – поделени во групи, со бодување. За секој точен поим по еден поен, главното решение три поени.<br>
<table>
<tr><td>слабост</td><td>висока температура</td><td>намален апетит</td><td>болка во стомакот</td></tr>
<tr><td>температура</td><td>мускулна болка</td><td>течење нос</td><td>тешко голтање</td></tr>
<tr><td>главоболка</td><td>слабост</td><td>солзење</td><td>главоболка</td></tr>
<tr><td>осип</td><td>главоболка</td><td>кивање</td><td>грлоболка</td></tr>
<tr><td>сипаници</td><td>грип</td><td>настинка</td><td>ангина</td></tr>
<tr><td colspan="4">ЗАРАЗНИ БОЛЕСТИ</td></tr>
</table>
<br>Главен дел – искуствено учење<br>Учениците следат визуелна презентација преку која идентификуваат пренос на заразна болест преку кивање, кашлање, допир и дискутираат како да се заштитат од заразната болест.<br>https://www.youtube.com/watch?v=CW9UGe4L5Wo<br>Видеото се стопира по потреба за дискусијата и заклучување. Заклучоците се запишуваат на таблата.<br>Завршни активности – изведување заклучок<br>Секој ученик самостојно пополнува работен лист во кој идентификува методи за заштита од заразни болести (миење раце, дистанцирање од луѓе кои се болни, носење маска, вакцинација и др.) и ја објаснува потребата од нивна примена.<br>Рефлексија<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот?</td>
<td>Визуелна презентација<br><br>Работен лист</td>
<td>Усни одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците,<br><br>придонесот во групните активности,<br><br>придонесот во изведување на заклучоците</td>
</tr>
</table>

resursi.literatura.mk

<table>
<tr><td colspan="3">Изготвил: Одделенски наставник – Душица Јакимовска<br>Сандра Колева</td><td colspan="3">ООУ„Кирил и Методиј“ с.Романовце- Куманово<br>ООУ „ Тоде Хаџи Тефов“ Кавадарци</td></tr>
<tr><td colspan="3">Адаптирал: Одделенски наставник:</td><td colspan="3"></td></tr>
<tr><td colspan="6">Предмет: ПРИРОДНИ НАУКИ - III одд.</td></tr>
<tr><td colspan="6">Наставна тема 2– УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЗДРАВЈЕТО час бр.7</td></tr>
<tr><td>содржини и поими</td><td>стандарди за оценување</td><td>час и датум</td><td>сценарио за час</td><td>средства</td><td>следење на напредокот</td></tr>
<tr><td>Грижа за сопственото здравје и здравјето на другите<br><br>(здравје, микроорганизми, вируси, бактерии, симптом, болест, заразна болест, вакцинација, лекарски преглед, лекови, аптека, епидемија, пандемија)</td><td>Ја опишува улогата на лекарот за лечење на болестите кај децата.</td><td>7</td><td>Воведни активности – активирање на предзнаења<br>Учениците внимателно ја слушаат приказната која наставникот ја чита „Лекарски преглед“ .<br>Главен дел – искуствено учење<br>Краток разговор по прашања за содржината на текстот. Учениците објаснуваат (искуствено) што е лекарски преглед, лекарска ординација, лек, аптека.<br>Доколку има можност, наставникот повикува гостин-лекар или аптекар, а учениците поставуваат прашања за поставување дијагноза, лекови и нивната правилна употреба.<br>Завршни активности – изведување заклучок<br>Играње улоги: Спонтана драмска игра за посета на лекар, преглед, поставување дијагноза и земање лекарства од аптека. (неколку групи ученици)<br>Рефлексија<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот?</td><td>Приказна<br><br>Празни кутивчиња од лекови топломер, стетоскоп, мантил и сл.за играњето улоги</td><td>усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците,<br><br>придонесот во групните активности,<br><br>придонесот во изведување на заклучоците</td></tr>
</table>

resursi.literatura.mk

| Изготвил: Одделенски наставник – Душица Јакимовска<br>Сандра Колева | | | ООУ„Кирил и Методиј“ с.Романовце- Куманово<br>ООУ „ Тоде Хаџи Тефов“ Кавадарци | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Адаптирал: Одделенски наставник: | | | | | |
| Предмет: ПРИРОДНИ НАУКИ **- III одд.** | | | | | |
| Наставна тема 2– УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЗДРАВЈЕТО | | | час бр.8 | | |
| **содржини и поими** | **стандарди за оценување** | **час и датум** | **сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
| Грижа за сопственото здравје и здравјето на другите<br><br>(здравје, микроорганизми, вируси, бактерии, симптом, болест, заразна болест, вакцинација, лекарски преглед, лекови, аптека, епидемија, пандемија) | Прави разлика меѓу епидемија и пандемија. | 8 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>Учениците играат мотивирачка игра. Еден ученик е “вирус“. Со движење низ училницата кого ќе го допре-тој е заразен, „болеста“ се шири, освен ако некој ученик не стави заштита (шамивче врз носот и устата, или шал како маска). Кога наставникот каже стоп, се пребројуваат „заразените“ и „незаразените“ од играта.<br>**Главен дел – искуствено учење**<br>Учениците се вклучуваат во дискусија- што ќе се случи доколку немаше заштитени другарчиња? Ако излезе „вирусот“ во ходникот и влезе во другите училници? Надвор во дворот? На улица? Се објаснуваат поимите **епидемија** и **пандемија.**<br>Учениците следат видео презентација за причините и начинот на ширење на пандемија и совети како да се заштитиме.<br>https://www.youtube.com/watch?v=DX5T9O6O61w<br><br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>Активност – Пишување по фантазија „Нова болест“ (учебник)<br>**Рефлексија**<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | Видео презентација лаптоп, смарт табла или ТВ<br><br>учебник | усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците,<br><br>придонесот во групните активности,<br><br>придонесот во изведување на заклучоците |

resursi.literatura.mk

<table>
<tr><td colspan="3">Изготвил: Одделенски наставник – Душица Јакимовска<br>Сандра Колева</td><td colspan="3">ООУ„Кирил и Методиј“ с.Романовце- Куманово<br>ООУ „ Тоде Хаџи Тефов“ Кавадарци</td></tr>
<tr><td colspan="3">Адаптирал: Одделенски наставник:</td><td colspan="3"></td></tr>
<tr><td colspan="6">Предмет: ПРИРОДНИ НАУКИ **- III одд.**</td></tr>
<tr><td colspan="6">Наставна тема 2– УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЗДРАВЈЕТО час бр.9</td></tr>
<tr><td>**содржини и поими**</td><td>**стандарди за оценување**</td><td>**час и датум**</td><td>**сценарио за час**</td><td>**средства**</td><td>**следење на напредокот**</td></tr>
<tr><td>**Здраво живеење (лична хигиена, хигиена на простор, хигиена на храна, здрава исхрана, одмор, сон, физичка активност, расипани заби, дебелина, рахитис, стоматолог)**</td><td>Го објаснува поимот хигиена преку примери.<br><br>Го поврзува здравјето со личната хигиена.</td><td>9</td><td>**Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>Учениците одговараат на прашања: Кога последен пат сте ги измиле рацете? А лицето? Кога сте се капеле последен пат? Што мислите колку често треба да се прават овие активности и зошто е тоа важно?<br>**Главен дел – искуствено учење**<br>Учениците следат видео за одржување на хигиената и влијанието на здравјето.<br>https://www.youtube.com/watch?v=xSqSPgLKQKk<br>Потоа следува разговор според прикажаната од видеото, кога и како треба да се миеме, капеме, зошто и колку често.<br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>Учениците на работен лист цртаат прибор и средства за одржување на лична хигиена , ги презентираат цртежите и објаснуваат. (прилог 1)<br>**Рефлексија**<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? (одговорите се читаат од работниот лист)</td><td>Видео<br>Лаптоп, смарт табла или ТВ,<br><br>Работен лист</td><td>усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците,<br><br>придонесот во групните активности,<br><br>придонесот во изведување на заклучоците</td></tr>
</table>

resursi.literatura.mk

Прилог 1 (работен лист)

ОДРЖУВАЊЕ НА ЛИЧНА ХИГИЕНА

| **Активност** | **Колку често?** | **Средства кои ги употребувам** |
| --- | --- | --- |
| Миење раце и лице | | |
| Миење и четкање заби | | |
| Капење | | |
| Чешлање/миење коса | | |
| Чистење и сечење нокти | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Изготвил: Одделенски наставник – Душица Јакимовска<br>Сандра Колева | | | ООУ„Кирил и Методиј“ с.Романовце- Куманово<br>ООУ „ Тоде Хаџи Тефов“ Кавадарци | | |
| Адаптирал: Одделенски наставник: | | | | | |
| Предмет: ПРИРОДНИ НАУКИ **- III одд.** | | | | | |
| Наставна тема 2– УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЗДРАВЈЕТО час бр.10 | | | | | |
| **содржини и поими** | **стандарди за оценување** | **час и датум** | **сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
| Здраво живеење (лична хигиена, хигиена на простор, хигиена на храна, здрава исхрана, одмор, сон, физичка активност, расипани заби, дебелина, рахитис, стоматолог) | Го поврзува здравјето со одржување хигиена на просторот | 10 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>Учениците, поделени во групи, добиваат илустрации на кои се прикажани простори што се запуштени, во кои не се одржувала хииена (пр. кујна со неизмини садови и/или растурена храна, отпадоци; фрижидер со расипана храна).<br>**Главен дел – искуствено учење**<br>*Учениците откако ќе ја идентификуваат нехигиената, укажуваат како треба и колку често треба да се средува домот и да се одржува хигиената во него.Пример:<br>-проветрување на просториите<br>-перење облека<br>-менување постелнина<br>-чисти крпи за лице<br>-миење садови<br>-дезинфекција и чистење на просториите<br>-кречење/дезинфекција на ѕидовите<br>-перење/дезинфекција на тепих<br>*Учениците укажуваат како и колку често треба да се средува училницата и да се одржува хигиената во неа.<br>-проветрување<br>-бришење подови<br>-бришење прав и прозорци | илустрации | усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците,<br><br>придонесот во групните активности,<br><br>придонесот во изведување на заклучоците |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | -чистење клупи и сл.<br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>Учениците прават ранг листа почнувајќи од најчесто застапените активности (секој ден). **Во што помагаат, а што самите ученици можат да го работат?**<br>**Рефлексија**<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? (одговорите се читаат од работниот лист) | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Изготвил: Одделенски наставник – Душица Јакимовска<br>Сандра Колева | | | ООУ„Кирил и Методиј“ с.Романовце- Куманово<br>ООУ „ Тоде Хаџи Тефов“ Кавадарци | | |
| Адаптирал: Одделенски наставник: | | | | | |
| Предмет: ПРИРОДНИ НАУКИ **- III одд.** | | | | | |
| Наставна тема 2– УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЗДРАВЈЕТО | | | час бр.11 | | |
| **содржини и поими** | **стандарди за оценување** | **час и датум** | **сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
| Здраво живеење (лична хигиена, хигиена на простор, хигиена на храна, здрава исхрана, одмор, сон, физичка активност, расипани заби, | Го поврзува здравјето со хигиена на храната (миење, безбедно пакување и чување). | 11 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>Колку често пиеме вода? Колку треба да се пие вода, зошто? Што ќе се случи доколку не пиеме вода? Учениците разгледуваат илустрации/слики од правилно и неправилно чување на храната.<br>**Главен дел – искуствено учење**<br>Учениците во мали групи/парови, дискутираат за важноста од редовно консумирање вода и разновидна здрава храна, за потребата од миење на храната како и | Учебник<br>Илустрации, | усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците, |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| дебелина, рахитис, стоматолог) | | | за начините на нивно безбедно чување и пакување, како и за последиците од консумирање на расипана храна.<br>Учениците, во мали групи/парови, разговараат за изборот на намирници, бројот на дневни оброци, начинот на подготовка на храна и ја објаснуваат важноста на здравата исхрана како превенција од некои заболувања.<br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>**Рефлексија**<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? (одговорите се читаат од работниот лист) | | придонесот во групните активности,<br><br>придонесот во изведување на заклучоците |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Изготвил: Одделенски наставник – Душица Јакимовска<br>Сандра Колева | | | ООУ„Кирил и Методиј“ с.Романовце- Куманово<br>ООУ „ Томе Хаџи Тефов“ Кавадарци | | |
| Адаптирал: Одделенски наставник: | | | | | |
| Предмет: ПРИРОДНИ НАУКИ **- III одд.** | | | | | |
| Наставна тема 2– УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЗДРАВЈЕТО | | | час бр.12 | | |
| **содржини и поими** | **стандарди за оценување** | **час и датум** | **сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
| Здраво живеење (лична хигиена, хигиена на простор, хигиена на | Го објаснува (преку примери) значењето на редовно | 12 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>Учениците според упатство на наставникот ги бојат сечат и лепат сликичките со здрава храна – на Здравко (здрав заб) и храна која се лепи и ги расипува забите- на расипаниот заб. | Сликички од здрава храна и храна која | усните одговори на прашања |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| храна, здрава исхрана, одмор, сон, физичка активност, расипани заби, дебелина, рахитис, стоматолог) | консумирање вода и разновидна здрава храна за правилен раст и развој. | | Прилози се превземаат од линкот: https://www.eduino.gov.mk/randetskirazvoj/game/8975/<br>**Главен дел – искуствено учење**<br>Учениците, во мали групи/парови, изработуваат збирки од рецепти за јадења подготвени од зеленчук и овошје. Учениците во мали групи вршат истражување на тема ,,Овошјето како заштита од некои болести", при што користат стручна литература, пребаруваат на интернет и/или вршат интервју со лекар/стоматолог. Потоа дискутираат и донесуваат заклучок за улогата на овошјето за заштитата од некои болести (лимон – грип, јаболко – здрави заби и сл.).<br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>Учениците, поделени во групи, изработуваат дневно мени со здрави оброци и го презентира пред другите, објаснувајќи го направениот избор на храната.<br>**Рефлексија**<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? (одговорите се читаат од работниот лист) | ги расипува забите – линк за превземање во воведни активности | поставени од наставникот или од соучениците,<br><br>придонесот во групните активности,<br><br>придонесот во изведување на заклучоците |

| | |
|---|---|
| Изготвил: Одделенски наставник – Душица Јакимовска<br>Сандра Колева | ООУ„Кирил и Методиј" с.Романовце- Куманово<br>ООУ „ Тоде Хаџи Тефов" Кавадарци |
| Адаптирал: Одделенски наставник: | |
| Предмет: ПРИРОДНИ НАУКИ **- III одд.** | |
| Наставна тема 2– УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЗДРАВЈЕТО час бр.13 | |

| **содржини** | **стандарди за** | **час и** | | **средства** | **следење на** |
|---|---|---|---|---|---|

resursi.literatura.mk

| и поими | оценување | датум | сценарио за час | | напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| Здраво живеење (лична хигиена, хигиена на простор, хигиена на храна, здрава исхрана, одмор, сон, физичка активност, расипани заби, дебелина, рахитис, стоматолог) | Го објаснува (преку примери) значењето на здравата исхрана, физичката активност, престојот во природа, одморот и сонот за правилниот развој и за здравјето. | 13 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>Учениците играат игра на предизвици: даваат предлози за предизвици во врска со унапредување на здравјето. (што ќе се случи ако постојано лежиме; како ќе се чувствуваме ако постојано седиме; како ќе реагираме ако подолго време не спиеме -на пример два последователни дена; што ќе правиме ако дневно спиеме само по два-три часа?)<br>**Главен дел – искуствено учење**<br>Учениците, поделени во групи, врз основа на модел што им го дава наставникот, изработуваат индивидуален неделен план за изведување физички активности и престој во природа како и време за одмор/спиење.<br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>Следуваат активности за повторување на значењето на хигиената, физичката активност, здрава исхрана и редовна посета на лекар, за нашето здравје<br>**Рефлексија**<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? (одговорите се читаат од работниот лист) | Учебник<br><br>Работен лист фломастери апликации и сл. | усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците,<br><br>придонесот во групните активности,<br><br>придонесот во изведување на заклучоците |

| | |
|---|---|
| Изготвил: Одделенски наставник – Душица Јакимовска<br>Сандра Колева | ООУ„Кирил и Методиј“ с.Романовце- Куманово<br>ООУ „ Тоде Хаџи Тефов“ Кавадарци |
| Адаптирал: Одделенски наставник: | |
| Предмет: ПРИРОДНИ НАУКИ **- III одд.** | |
| Наставна тема 2– УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЗДРАВЈЕТО час бр.14 | |

resursi.literatura.mk

| **содржини и поими** | **стандарди за оценување** | **час и датум** | **сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
|---|---|---|---|---|---|
| Грижа за сопственото здравје и здравјето на другите<br><br>(здравје, микроорганизми, вируси, бактерии, симптом, болест, заразна болест, вакцинација, лекарски преглед, лекови, аптека, епидемија, пандемија)<br><br>Здраво живеење<br><br>(лична хигиена, хигиена на простор, хигиена на храна, здрава исхрана, одмор, сон, физичка активност, расипани заби, дебелина, рахитис, стоматолог) | -Скор на тестот на знаења 80% од оценка<br><br>-усни одговори од активностите на часовите 20% од оценката | 14 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>Учениците се воведуваат во оценување на наученото од темата со презентирање и објаснување на барањата/задачите од тестот на тема „Унапредување на здравјето "<br><br>**Главен дел – искуствено учење**<br><br>Учениците добиваат тест на знаења со не повеќе од 20 прашања, изготвен од наставникот. Прашањата се прилагодени според нивоата на усвоеност по Блумова таксономија, како сите ученици реално би го покажале степенот на усвоени знаења според стандардите.<br><br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>Се води разговор, за конкретност на задачите, лесно/тешко, како и добиени резултати на тестот.<br>**Рефлексија**<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | Тест со изготвени прашања од наставникот | Решенија на тест задачите<br><br>Придонес во изведување на заклучоци |